# Oestrofact® SILVER protect

**(Естрофакт® СИЛВЕР протект)**

**пена**

**Намена**

Oestrofact® SILVER protect (Естрофакт® СИЛВЕР протект) è лесна пена за надворешна употреба, чие основно делување è создавање одбранбена бариера како помош во третман на бактериски, габични и вирусни инфекции.
Oestrofact® SILVER protect (Естрофакт® СИЛВЕР протект) пена формира заштитна бариера на надворешната генитална регија и тој начин ги изолира и штити ткивата од надворешни штетни агенси. Oestrofact® SILVER protect (Естрофакт® СИЛВЕР протект) пена како главни состојки содржи натриум-хијалуронат и екстракт на црн слез (*Malva silvestris* extract) и помошна супстанција TIAB® комплекс (микрокристален титниум-диоксид со ковалентно поврзани јони на сребро).
Благодарение на својствата на натриум-хијалуронат и екстракт на црн слез, производот формира заштитна бариера и помага во третманот на бактериски, габични и вирусни инфекции со создавање на заштитен филм со цел да го изолира и штити ткивото од надворешните иританси и да овозможи одржување и обновување на нормалната физиолошка состојба на ткивото.
Натриум-хијалуронат има муко-миметички, муко-адхезивни и високоеластични својства. Хијалуронска киселина è природно присутна во вагиналната слузница и другите ткива во телото и è одговорна за одржување на хидратација на телото.
Може да поврзе големо количество вода и затоа навлажнување на кожата во случај на воспаление, како и зачувување на хидратација се клучните улоги на нејзиниот механизам на делување.
Црн слез има хидрирачко, смирувачко и освежувачко дејство, благодарение на високата содржина на слуз којашто брзо ги ублажува типичните тегоби предизвикани со воспаление, како што се чешање и печење предизвикани од херпес или присуство на кандида или кондиломи, олеснувајќи ги физиолошките процеси на закрепнување на слузницата на вулвата и вагината.
TIAB® комплекс содржи микрокристален титниум-диоксид со ковалентно поврзани јони на сребро, чијашто основна функција è создавање бариера што ја изолира и штити кожата од надворешните иританси, спречувајќи го со тоа појавување инфекции.
TIAB® комплекс за зголемува отпорноста на заштитниот филм, што го формираат натриум-хијалуронат и екстракт на црн слез, од напади на микробите и со тоа го зголемува ефектот на бариерата

**Состав:**

Вода, каприлни/капрински триглицериди, глицерин од растително потекло, гликолен екстракт на црн слез, TIAB® комплекс (микрокристален титниум-диоксид со ковалентно поврзани јони на сребро), Стеаретх-2, Стеаретх-21, бензалкониум-хлорид, PVP K30, натриум-хијалуронат, ментол-лактат, млечна киселина.
Пропелент: бутан-изобутан-пропан

**Упатство за употреба:**

- Пред употреба добро да се протресе
- Пред употреба измијте ја и добро исушете ја третираната регија
- Нанесете тенок слој на пената врз зафатеното подрачје
- Втривајте ја пената додека не се исуши
- Повторете го нанесувањето на пената еднаш или повеќе пати во текот на денот
- Производот треба да се нанесува на подрачја коишто се зафатени со инфекција со појавување на првите симптоми (чешање, печење, црвенило итн.)

**Предупредувања:**

- Не користете го производот во цели поинакви од тие наведени во упатството
- Пред нанесувањето на производот внимателно измијте ги рацете
- После нанесувањето на Oestrofact® SILVER protect (Естрофакт® СИЛВЕР протект), пената да се втрува на третираното подрачје додека не се исуши
- Одбегнувајте го контактот со очите. Во случај на контакт, веднаш темелно измијте со вода
- Пената треба да формира заштитен слој
- Не употребувајте Oestrofact® SILVER protect (Естрофакт® СИЛВЕР протект) после истекување на рок за употреба втиснат на амбалажата
- Само за надворешна употреба, да не се голта
- Не користете доколку пакувањето è отворено или оштетено
- Поради недостаток на конкретни податоци за употреба на овој производ во тек на бременоста или доењето, како и за употреба кај деца, обратете се на лекар или фармацевт за совет пред да земете Oestrofact® SILVER protect (Естрофакт® СИЛВЕР протект) пена
- Да не се користи во случај на позната пречувствителност на некоја од компонентите
- Престанете со третман во случај на абнормални кожни реакции
- Во случај на подолга употреба, посоветувајте се со лекар
- Производот нема спермициден, ниту контрацептивен ефект

**Контраиндикации:**

Не се забележени случаи на предозирање.
Да не се користи во случај на позната пречувствителност на компонентите.
Не се познати интеракции со лекови и други лековити супстанции.

**Пакување:**

50 ml

**Производувач:**

NTC Srl.
Via Luigi Razza 3
20124 Милано, Италија

**Дата на ревизија:**

11/2020

**Предупредување:**

H223 Запалив аеросол
H229 Шише под притисок: може да експлодира поради загревање.
Да се чува подалеку од извор на топлина, загреани површини, искри, отворен оган и други извори на топлина. Забрането пушење. Шишето да не се продупчува ниту пали, дури и откако è употребено. Да се заштити од сончева топлина. Да не се изложува на температури повисоки од 50°C. Да не се прска директно во отворен оган или друг извор на топлина.

**NTC Srl**
**Via Luigi Razza 3**
**20124 Milano, Italija**

CE 0477

25°C
9°C

3306017-1

PHARMANOVA

Proizvod/Product: **Oestrofact SILVER protect pena uputstvo**

Zemlja/Country: **Makedonija**

Dimenzije/Dimensions: **210x410,6mm**

Šifra pripreme/Item code: **3306017-1**

Boja/Colour: **2/0**
**crna**
**PANTONE 199 C**

Datum/Date of Issue: **03.03.2023.**

Dizajn odobrio/Design approved by: **Tovirac Zoran**

Text odobrio/Text approved by: **Tanja Matić**